ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА
„ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“

# БИЛТЕН

НА ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

ISSN 2955-2486

Heidelberg
FACULTY OF SKOPJE

СКОПЈЕ, 2025 година

Издавач: Приватна високообразовна установа Висока стручна школа „Хајделберг факултет во Скопје“
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Синиша Наумоски
Уредник на продукција: м-р Даниела Стефаноска
Техничко уредување: м-р Даниела Стефаноска

## СОДРЖИНА

**Страна**

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање предавач од научно поле Право и научна област Деловно право и Право на Европска Унија .............................................. 4

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВРЕМЕН ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО И ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 21.11.2025 година, по пријавата на д-р Искра Ивановска Стојановска за избор на наставник во звање времен ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право и Право на Европска Унија, се состана во следниот состав: Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател; м-р Даниела Стефаноска, член и м-р Бобан Попевски, член. Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Искра Ивановска Стојановска и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Врз основа на разгледувањето на доставената документација и податоците од биографијата на кандидатката д-р Искра Ивановска Стојановска може да се види дека претставува висококвалификуван правен и финансиски експерт со повеќедецениско искуство во централното банкарство, значајна научна подготовка и континуирана едукативна активност. Нејзиниот професионален и академски профил се карактеризира со силна поврзаност помеѓу теоријата и практиката, особено во областа на финансиското право, банкарската регулатива, корпоративното управување и управувањето со ризици во финансискиот систем.
Кандодатката Искра е родена на 18.12.1977 година во Скопје,
Својот академски пат го започнува на Правниот факултет при УКИМ во област на финаново право со просек 9.00. Има завршено два магистериуми со што се добива со правото на академско звање Магистер по југоисточни европски студии – Државен универзитет во Атина со Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството за образование и наука бр. 09-8403/2 од 10.11.2021 година и Магистер по европски студии – Економски факултет, УКИМ со просек 9.12.
Со висока академска титула Доктор на правни науки – Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје се стекнува по одбраната на докторската дисертација на тема „Управување со правниот ризик во банките во Република Македонија" (2015) која што претставува значаен научен придонес во областа на банкарското право и управувањето со ризици, со директна применливост во современите регулаторни и супервизорски практики.

Овој научен профил ја позиционира кандидатката како експерт во пресекот на правото, економијата и финансискиот систем.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатката има значајно искуство во наставата и стручната едукација:
- Координатор и предавач на програмата "Certification for Corporate Governance & Compliance" (од 2019)
- Предавач на програмата Certified Compliance Specialist (2016–2019)
- Меѓународен предавач – Center of Excellence, Љубљана (2025)
- Континуирани обуки за: банки, ревизори, нотари, адвокати, финансиски институции.

Овие активности ја потврдуваат нејзината педагошка зрелост, способност за пренос на комплексни знаења, практично ориентиран пристап во наставата.

Научната активност на кандидатката се карактеризира со примена на правно-економски анализи во финансискиот сектор.

Клучни трудови: Докторска дисертација на тема „Управување со правниот ризик во банките во Република Македонија" (2015); Магистерски труд на тема „Корпоративно управување во банкарскиот сектор во Европската Унија и Република Македонија" (2007); Магистерски труд „Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија и Република Хрватска со Европската Унија" (2001).

Дополнително кандидатот е автор на стручни публикации (брошури); Континуирана анализа на правни и регулаторни прашања

Нејзиниот научен придонес е особено значаен во управување со правен ризик, банкарска регулатива, корпоративно управување, усогласување со ЕУ стандарди.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Кандидатката има повеќе од 20 години работно искуство во Народната банка, каде работи како Самостоен советник – супервизор во Дирекцијата за теренска супервизија

Нејзините клучни активности опфаќаат:
- оценка на усогласеноста на работењето на финансиските институции,
- анализа на корпоративното управување во банките,
- проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам,
- примена и надзор на регулаторни стандарди,
- усогласување со европското законодавство (EU acquis).

Преку оваа позиција, кандидатката има директен увид во функционирањето на финансискиот систем и учествува во процеси од клучно значење за финансиската стабилност на државата.

Кандидатката има и значајно меѓународно искуство:
- ING Bank, Холандија (2021) – ревизија на ризик од перење пари
- Совет на Европа – финансиски оценувач (од 2013 до денес)

Оваа улога вклучува: проценка на национални AML/CFT системи, примена на FATF стандарди, учество во меѓународни евалуации.

Овој ангажман претставува висок степен на меѓународно признание и експертиза. Значајно е да се истакне дека кандидатката е правен експерт во проект за усогласување со ЕУ законодавство (ГОПА); исто така и нејзината работа на имплементација на европски стандарди во националното законодавство
Ова искуство ја заокружува нејзината експертиза во областа на европското право и регулаторна хармонизација.

Кандидатката поседува:

- Положен правосуден испит
- Експертиза во EU acquis и финансиска регулатива
- Активно учество во меѓународни процеси

Врз основа на целокупната анализа, може да се заклучи дека кандидатката поседува високо ниво на научна и стручна подготвеност, има значајно практично искуство во финансискиот систем, активно придонесува во едукација и трансфер на знаење, има меѓународно призната експертиза, претставува силна врска помеѓу академијата и практиката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Искра Ивановска Стојановска има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Искра Ивановска Стојановска ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставник во звање времен предавач од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право и право на Европска Унија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот -р Искра Ивановска Стојановска да ја избере во наставник во звање времен ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право и право на Европска Унија.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
М-р Даниела Стефаноска, член
М-р Бобан Попевски, член